# ХРОНИКА И СООПШТЕНИЈА

## ОСВРТ ЗА РАБОТАТА НА XVI РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА СРМ

XVI редовно годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, што се одржа на 6 и 7 април 1984 година во манастирот Прохор Пчињски и во Куманово, беше посветено на одбележувањето на 40-годишнината од одржувањето на првото заседание на АСНОМ.

Работата на собранието се одвиваше во три дела. Првиот дел беше свечениот дел кој беше посветен на одбележувањето на 40-годишнината од АСНОМ, вториот беше стручен, посветен на проблемите во наставата по историја и третиот дел беше организационен, посветен на проблемите сврзани со работата на Сојузот.

Во работата на Собранието зедоа учество историчари од цела Македонија. На свечениот дел кој се одржа во манастирот Прохор Пчињски беа присутни повеќе стотини историчари од Скопје, поточно професорите и студентите од ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, вработените во Институтот за национална историја, потоа историчарите од Куманово, Гостивар и Битола.

Делегатите на Собранието, и присутните гости од името на градот — домаќин, беа поздравени од страна на претседателот на ОК ССРН, Чедо Серафимовски, кој зборуваше за развојот на градот Куманово, како и на неговото револуционерното минато.

Од името на Претседателството на ЦК СКМ, работата на собранието ја поздрави членот на Претседателството м-р Методија Петровски. Во својот поздравен говор м-р Методија Петровски зборуваше за местото и задачите што историската наука денес треба да ги има во нашето општество, задржувајќи се при тоа на мисијата што историската наука ја има во разјаснувањето на вистината на нашето историско минато, како и во развојот на братството и единството на нашите народи и народности. Посебен акцент во поздравниот говор беше фрлен на улогата што го има историјата во процесот на воспитувањето на младите генерации врз основа на нашето

револуционерно минато. На крајот од својот поздравен гом-р Методија Петровски му пожела успешна и плодна работа на Собранието.

Делегатите и гостите на Собранието од името на Претседателството на РК ССРНМ ги поздрави членот на Претседателството д-р Иван Катарџиев. Во својот поздравен говор, тој се задржа на развојот на историската наука, како и на задачите што претстојат пред неа во расветлувањето на нашето историско минато. Посакувајќи му успешна работа на Собранието д-р Иван Катарџиев уште еднаш ја нагласи потребата од јакнењето на Сојузот, како нужен предуслов за негова поуспешна работа.

Од името на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, Собранието го поздрави д-р Фехми Пушколи. Поздравувајќи ги делегатите и гостите д-р Фехми Пушколи во својот говор се задржа на заемната соработка на историчарите од Македонија со историчарите од останатите републики и покраини од Југославија, посебно нагласувајќи ги претстоечките задачи во врска со проектот на пишувањето на Историјата на Југославија.

На свечениот дел што се одржа во манастирот Прохор Пчински посветен на одбележувањето на четириесетгодишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, беа прочитани рефератите: „Историското значење на АСНОМ" од проф. д-р Данчо Зографски, директор на Институтот за национална историја во Скопје и „АСНОМ во наставата по историја" од проф. Благоја Цветкоски, професор на Педагошката академија во Скопје.

Потоа работата на Собранието продолжи во Куманово. Беше избрано работно претседателство во состав: проф. д-р Христо Андонов Полјански, д-р Владо Ивановски, м-р Никола Чинго, проф. Спаска Манасиева-Младеновиќ и Реџеп Шекири.

Овој втор дел од работата на Собранието беше посветен на стручни проблеми сврзани со наставата по историја. Споменатата проблематика беше третирана во трите реферати кои беа поднесени на овој дел од работата на собранието: „Актуелни проблеми во наставата по историја во средното насочено образование" од проф. д-р Војо Кушевски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, „Кадровски промени во наставата по историја" од Ѓорѓи Танковски, директор во Заводот за школство во Битола и „Улогата на наставата по историја за марксистичкото образование на учениците во средното насочено образование" од Наум Димовски, советник во Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието во Скопје.

По изнесените реферати беше покрената дискусија во која зедоа учество повеќе историчари делегати и гости на Собранието. Во дискусијата учествуваа: проф. Савев Никола, професор при ЕМУЦ од Кочани, д-р Глигор Тодоровски, научен советник во Институтот за национална историја во Скопје, проф. Ленче Го-

рачинова, секретар во Заводот за вработување во Штип, Ѓургевка Доневска-Тренчевска, Радио Скопје, проф. д-р Александар Апостолов, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Наум Димовски, Елица Георгиевска од Куманово, проф. Спаска Манасиева-Младеновиќ, д-р Иван Катарџиев, м-р Никола Чинго.

Во дискусијата беа покренати мошен важни и суптилни проблеми сврзани со процесот на исведување на наставата по историја, како во основното, средното насочено образование, така и на факултетот. Во таа смисла беа покренати следните проблеми:

— улогата на наставата по историја во идејното и марксистичко образование оа младите генерации;

— застапеноста на наставата по историја во средното насочено образование во I, II, и III година да биде со по 2 часа неделно;

— да се зголеми личната наобразба на наставникот по историја;

— при ННСГ за историја на Филозофскиот факултет да се воведе изучување на најновата историја на Социјалистичка Југославија;

— преиспитување на одговорноста за состојбата во која западна наставата по историја и враќање на нејзиниот примат во општествените науки;

— подобрување на квалитетот на учебниците и нивно прилагодување на потребите во наставата по историја;

— проширување на соработката на историчарите од Македонија со историчарите од останатите краеви на Југославија во разни форми и начини;

— запознавање на сите општествени структури со проблемите со кои се соочува наставата по историја и разрешување на истите со помош на овие структури. За таа цел се побара донесување на официјален документ од овој собир во кој ќе биде изнесена целокупната проблематика;

— подобрување на материјалната состојба на наставниците по историја;

— да се изврши корекција на наставните програми по историја;

— примена на нагледни средства и други помагала при изведување на наставата по историја.

Сумирајќи ги резултатите од дискусијата беше одлучено на утрешниот ден истите да се изнесат во писмена форма.

Вториот ден од работата на Собранието беше избрано работно претседателство во состав: д-р Војо Кушевски, проф. Али Вишко, м-р Никола Чинго, проф. Ленче Горачинова и Марјан Димитриевски.

Во овој дел од работата на Собранието беа опфатени проблемите сврзани со организационата структура на Сојузот.
таа насока беа поднесени: извештај за работата на Сојузот за 1983 година од претседателот м-р Никола Чинго, извештај за работата на Редакцијата на списанието „Историја" од уредникот проф. д-р Бранко Панов, и финансиски

извештај поднесен од страна на сметководителот на Сојузот Пандора Матлиева.

По извештаите беше отворена дискусија која се надоврза на дискусијата од претходниот ден, во која зедоа учество следните дискутанти: д-р Петар Стојанов, проф. д-р Војо Кушевски, проф. Нуфре Јовановски д-р Владо Ивановски, д-р Глигор Тодоровски, проф. Заев Живко, проф. Благоја Цветкоски, Наум Димовски Љатифе Муслиу, проф. Стеван Карески, Ѓурѓевка Доневска — Тренчевска,.

Дискутантите во оваа дискусија извршија опстојана анализа на проблемите сврзани со наставата по историја, нејзиното место и улога во новиот систем на образование. Како и во претходната дискусија и во оваа беа покренати следните прашања:

— засилување на Сојузот и неговата работа врз разрешувањето на проблемите сврзани со наставата по историја;

— организирано истапување пред надлежните општествени структури за разрешувањето на-
ја;
статусот на наставата по истори-

— формирање на делегација која ќе ги запознае Централниот Комитет на СКМ и РК ССРНМ со заклучоците на оваа Собрание;

— барање од издавачките куќи во Македонија покрај учебници да изработуваат и нагледни средства и други помагала кои ќе се употребуваат во наставата по историја;

— ангажирање на сите историчари, на чело со Сојузот, као и на научните институции како што се МАНУ, ИНИ и ННСГ при Филозофскиот факултет во разрешувањето на проблемите сврзани со наставата по историја;

— Спречување на останатите предмети од општествено-хуманитарните науки да одземаат наставно градиво кое и припаѓа на историјата, односно враќање на приматот на историјата во општествено-хуманитарните научни дисциплини;

— активирање на членовите на Сојузот за помасовна претплата на списанието „Историја", како и за негово помасовно дистрибуирање меѓу учениците, како помошни средство за наставата по историја;

— застапеноста на локалната историја, како и историјата на народностите во наставата по историја да биде поголемо;

— испитување на одлуката на Педагошкиот совет, со која наставниците по историја задолжително мораат да полагаат дополнителни предмети како би можеле да го предаваат предметот Марксизам и самоуправување во средното насочено образование. За реализација на ова задача да се активираат: Сојузот, ИНИ, ННСГ зз историја при Филозофскиот факултет Одделението за општествени науки при МАНУ и советниците по историја во Републичкиот и Градските заводи за школство;

— редовно измирување на членарината на членовите кон Друштвата на историчари и под-

мирување на членарината на Друштвата на историчари кон Сојузот на друштвата на историчари на СРМ;

— осовременување на Методиката во наставата по историја и негување на млади кадри за овој предмет;

— зголемување на воспитната улога на образованието врз младите поколенија.

На крајот, целокупната дискусија, предлози и мислења што беа изнесени беа формулирани во вид на Заклучоци на XVI редовно годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ (Види прилог бр. 1).

Во продолжение од работата на Собранието, беа едногласно усвоени: Извештајот за работата на Сојузот за 1983 година, Извештајот на Редакцијата на списанието „Историја", како и финансискиот извештај. Исто така едногласно беше прифатена и Програмата за работа на Сојузот за 1984 година.

На собранието беа извршени и измени на Статутот на Сојузот на следниот начин:

— во член 8, прв пасус, се брише: „месните заедници, организациите на здружен труд";

— во член 21 се додава „бр. 4 — Одбор за самоуправна работничка контрола";

— во член 28, последен пасус, се брише „трае една година" и на негово место се додава: „трае колку и мандатот на Претседателството";

— во член 29 втор пасус се додава „до". Во третиот пасус се брише: „Член на Претседателството може да биде биран најмногу два пати едно по друго". Во последниот пасус се додава: „Факултет за филозофско — историски науки — ООЗТ Институт за национална историја — Скопје";

— во член 38 во вториот пасус се додава: „нема". Во последниот пасус се додава: „при Филозофско-историскиот факултет — ООЗТ филозофски факултет — ННСГ за историја";

— во член 41 во првиот пасус се брише: „Претседателството ги именува претседателот и членовите на Издавачкиот совет".

На собранието беше одлучено Сојузот на друштвата на историчарите во соработка со останатите заинтересирани институции да организира семинар за наставниците по историја од основното и средното насочено образование на тема „Процесите во современиот свет, во меѓународното работничко движење и развојот на социјалистичкото самоуправување во Југославија".

Исто така Собранието одлучи да се формира комисија од познати историчари на чело со претседателот на Сојузот м-р Никола Чинго, која ќе појде до претседателот на Централниот Комитет на СКМ и во Претседателството на ССРНМ, за да ги информира со заклучоците од ова годишно Собрание.

Од Собранието беа испратени телеграми до Претседателството на ССРНМ и до Одборот за прослава на 40-годишнината од првото заседание на АСНОМ.

Завршувајќи ја својата работа од името на Сојузот, претседателот м-р Никола Чинго им се заблагодари на Друштвото на историчарите од Куманово, посебно на проф. Спаска Манасиева-Младеновиќ, како и на општествено-политичките организации на град Куманово, за укажаната помош при организирањето на XVI редовно годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ.

## ПРИЛОГ БР. 1

## ЗАКЛУЧОЦИ

## ОД XVI РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА СРМ, ОДРЖАНО НА 6 И 7. 04. 1984 ГОДИНА

Собранието на СДИ СРМ ја прифаќа преобразбата и реформата на образованието и воспитувањето во нашата земја и дава целосна поддршка на поставените цели и задачи во унапредување на образовно-воспитниот систем.

Историчарите од СРМ, разгледувајќи го прашањето на наставата по историја со стручен, педагошко-методски и идејно-политички аспект дојдоа до единствен заклучок дека претставува национален интерес за нашиот народ, историјата да се изучува систематски, постудиозно и во погорната ученичка возраст кога психофизичката развиеност на младиот човек ќе му даде можност поцелосно да ги анализира, опфати и оцени историските настани во сета нивна сложеност.

Нашето барање произлегува од виталните интереси на македонскиот народ. Живееме во времето кога од неколку страни се негира постоењето на македонскиот народ и нација, се фалсификува и присвојува неговата историја и култура, се присвојуваат неговите национални величини и вредности кои ги извојува во заедничката борба со југословенските народи и народности, загарантирани со Уставот на СФРЈ.

Од овие причини, што доаѓаат однадвор, македонскиот народ сè уште е ставен во состојба да го брани своето постоење, својата сегашност и право на иднина.

Во таа смисла пред македонската историографија и наставата по историја стои голема одговорност и обврска:

— со силата на нашиот збор и аргументи да се презентира историската вистина, а младата генерација поопстојно да ја изучува и познава историјата на својот народ, на народите и народностите на Југославија и низ таа призма и историјата воопшто.

Само така младиот човек ќе биде во состојба, покрај другите вредности што треба да ги поседува, да го знае, да го цени

и да го брани своето минато и сегашност.

Од тој интерес Собранието на СДИ СРМ предлага наставата по историја во основното и средното насочено образование да има адекватна застапеност со поголем фонд на часови од постојанава состојба.

Нашиот предлог се базира и на фактот дека младиот човек историјата денес ја изучува само во основното и првите две години на средното образование и никогаш повеќе не ќе има можност на организиран начин да ја изучува, вклучувајќи го вишето и високото образование, как што е например случајот со предметот марксизам и самоуправување кој е застапен и во III и и IV клас на средното образование.

Затоа Собранието бара:

1. Наставниот предмет историја во V одделение од 1 да биде застапен со 2 часа седмично.

2. Во средното образование да се зголеми фондот на часовите со уште 2 часа седмично кои ќе овозможат историјата да биде застапена и во III клас.

Собранието е длабоко уверено дека барањето е оправдано и благовремено, за да не се дојде до несакани последици кои можат да произлезат од недоволната присутност на историјата во системот на образованието и воспитанието на младите луѓе.

Од присутните на XVI редовно годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ

Куманово, 7 април 1984 г.

**Марјан ДИМИТРИЕВСКИ**

## НАУЧЕН СОБИР „САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА“

Во рамките на манифестацијата „ГОЦЕВИ ДЕНОВИ '84“, на 26 и 27 мај, во детското одморалиште на Голак, недалеку од Делчево, се одржа научен собир за САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА, на кој учествуваа повеќе научни работници од нашата и од другите братски републики. Во дискусијата учествуваше и Лазар Мојсов, член на Претседателството на СФРЈ. Научниот собир го следеа мнозина просветни и културни работници од Делчево и од околните општински центри, како и претставници од збратимените градови со Делчево: Светозарево, Свети Николе, Струмица, Тетово и Титов Велес.

Советот на манифестацијата „ГОЦЕВИ ДЕНОВИ '84“ се определи за оваа тема — ИДЕЈАТА НА САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА — не само поради одбележувањето на годишнината од загинувањето на великанот на македонското ослободително движење — ГОЦЕ ДЕЛ-